Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19;1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Годишниот извештај на Општина Центар-Скопје за 2022 година**

Се објавува Годишниот извештај на Општина Центар-Скопје за 2022 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 21. седница, одржана на 8.3.2023 година.

Бр. 09-1242/29
8.3.2023 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11, 192/15, 209/18, 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 26 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06), Советот на Општина Центар-Скопје на 21-та седница, одржана на 8.3.2023 година, усвои

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**на Општина Центар-Скопје за 2022 година**

**Член 1**

Се усвојува Годишниот извештај на Општина Центар-Скопје за 2022 година.

**Член 2**

Составен дел на Годишниот извештај се:

- Годишна (завршна) сметка на Буџетот на Општина Центар-Скопје
- Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност
- Извештај за реализацијата на инвестиционите, капиталните и блок-дотациите
- Извештај за користење на средствата од тековната и од постојаната резерва
- Извештај од одговорниот сметководител со кој се потврдуваат точноста и веродостојноста на Годишната сметка

**Член 3**

Овој Годишен извештај влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-1242/28
8.3.2023 година

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
Претседавач
Виолета Велковска

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2022 ГОДИНА

Годишниот извештај на Општина Центар-Скопје за 2022 година го сочинува:

I. Годишна - Завршна сметка
   Образложение за Годишната сметка
II. Извештај за реализацијата на инвестиционите програми, капиталните и блок-дотациите
III. Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност
IV. Годишен извештај за користењето на резервите
V. Извештај за состојбата на жиро-сметките заклучно со 31.12.2022 година
VI. Извештај од одговорниот сметководител

# I. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ГОДИШНАТА (ЗАВРШНАТА) СМЕТКА

Врз основа на член 33 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15; 209/18; 244/19; 53/21; 77/21; 150/21 и 173/22), општините имаат обврска да подготват и да доставаат Годишна сметка (Завршна сметка) за извршувањето на Буџетот на Општината.

**Во Годишната сметка на Општината се прикажани вкупните планирани приходи и расходи на годишно ниво и нивната реализација за периодот од 1.1.2022 година до 31.12.2022 година.** Во овој фискален период се остварени приходи и други приливи и реализирани се расходи и други одливи, како што следува подолу:

| ВКУПЕН БУЏЕТ | План | Реализирани приходи | Потрошен вишок на приходи од претходни години | Реализирани расходи |
|---|---|---|---|---|
| Основен буџет | 618.680.000,00 | 597.478.343,00 | 0 | 526.896.657,00 |
| Буџет на самофинансирачки активности | 47.800.000,00 | 40.927.151,00 | 0 | 38.542.953,00 |
| Буџет на дотации | 369.370.000,00 | 367.461.000,00 | 0 | 361.717.296,00 |
| Буџет на донации | 6.573.884,00 | 1.504.249,00 | 0 | 1.504.249,00 |
| Буџет на кредити | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **1.042.423.884,00** | **1.007.370.743,00** | **0** | **928.661.155,00** |

Од вкупно планираните приходи во износ од 1.042.423.884,00 денари, во периодот од 1.1.2022 година до 31.12.2022 година реализирани се **1.007.370.743,00** денари , што претставува 96,6% во однос на планираното, и тоа:

| ВКУПЕН БУЏЕТ | План | Реализирани приходи | % на оствар. | % на учество |
|---|---|---|---|---|
| Основен буџет | 618.680.000,00 | 597.478.343,00 | 96.6 | 59.3 |
| Буџет на самофинансирачки активности | 47.800.000,00 | 40.927.151,00 | 85.6 | 4.1 |
| Буџет на дотации | 369.370.000.00 | 367.461.000,00 | 99.4 | 36.5 |
| Буџет на донации | 6.573.884,00 | 1.504.249,00 | 22.9 | 0.1 |
| Буџет на кредити | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **1.042.423.884,00** | **1.007.370.743,00** | **96.6** | **100.0** |

Реализираните приходи по категории се прикажани во следната табела, при што најголемо учество во вкупните приходи имаат даночните приходи (52,3%), потоа се трансферите и донациите (38,7%) и неданочните приходи (6,6%).

| ВКУПЕН БУЏЕТ (Приходи) | План | Реализирани приходи | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|
| Даночни приходи | 488.520.000,00 | 526.909.189,00 | 107.8 | 52.3 |
| Неданочни приходи | 68.142.000,00 | 66.987.356,00 | 98.3 | 6.6 |
| Капитални приходи | 22.800.000,00 | 23.744.261,00 | 104.1 | 2.4 |
| Трансфери и донации | 462.961.884,00 | 389.729.937,00 | 84.2 | 38.7 |
| Домашно задолжување | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Потрошен вишок на приходи од претходни години** | | 0 | | 0 |
| **Вкупно** | **1.042.423.884,00** | **1.007.370.743,00** | **96.63** | **100.0** |

Во **Основниот буџет** на Општината од планираните приходи во износ од 618.680.000,00 денари, во периодот од 1.1.2022 година до 31.12.2022 година реализирани се 597.478.343,00 денари, што претставува 96,57% од планираните приходи. Планирањето на одредени видови приходи се базира врз историски показатели и како резултат на тоа некои видови приходи се преценети, а некои се потценети, односно реализацијата е поголема или помала од планираното. Реализацијата на приходите во Основниот буџет на ниво на ставки е следна:

| | ОСНОВЕН БУЏЕТ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| 711 | Данок од доход, добивка и од капитални добивки | 15.100.000,00 | 16.770.194,00 | 111.1 | 2.8 |
| 713 | Даноци на имот | 218.600.000,00 | 278.133.694,00 | 127.2 | 46.5 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 254.360.000,00 | 231.482.204,00 | 91.0 | 38.7 |
| 718 | Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 460.000,00 | 523.097,00 | 113.7 | 0.1 |
| 722 | Глоби , судски и административни такси | 1.720.000,00 | 1.624.006,00 | 94.4 | 0.3 |
| 723 | Такси и надоместоци | 1.000.000,00 | 937.110,00 | 93.7 | 0.2 |
| 725 | Други неданочни приходи | 21.000.000,00 | 23.494.089,00 | 111.9 | 3.9 |
| 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 22.800.000,00 | 23.744.261,00 | 104.1 | 4.0 |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 83.640.000,00 | 20.769.688,00 | 24.8 | 3.5 |
| | **Вкупно** | **618.680.000,00** | **597.478.343,00** | **96.57** | **100.0** |

Најголемо учество во вкупно остварените приходи имаат даноците на имот со учество од 46,5%, следни се даноците на специфични услуги со учество од 38,7% и приходите од продажба на земјиште и нематеријални вложувања со 4%.

Приходите во **Буџетот на самофинансирачки активности** се приходи што ги остваруваат буџетските корисници на Општина Центар, односно основните училишта и детските градинки, а се однесуваат на надоместоците за оброци во училиштата и во градинките, за целодневна и за претшколска грижа и приходи од издавање под закуп на училишен простор. Во буџетската 2022 година по оваа основа реализирани се приходи во вкупен износ од 40.927.151,00 денари, што претставува 85,6% од планираните приходи.

| | ОСНОВЕН БУЏЕТ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| 721 | Претприемачки приход и приход од имот | 0.00 | 4.470,00 | 0.0 | 0.01 |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 100.000,00 | 20.994,00 | 21.0 | 0.05 |
| 723 | Такси и надоместоци | 44.322.000,00 | 40.887.547,00 | 92.2 | 99.90 |
| 724 | Други владини услуги | 0.00 | 2.980,00 | 0.0 | 0.01 |
| 725 | Други неданочни приходи | 0.00 | 11.160,00 | 0.0 | 0.03 |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 3.378.000,00 | 0.00 | 0.0 | 0.0 |
| | **Вкупно** | **47.800.000,00** | **40.927.151,00** | **85.6** | **100** |

Во **Буџетот на дотации** приходите пристигнуваат месечно по однапред утврдена динамика од Министерството за образование и наука и од Министерството за труд и социјална политика. Од вкупно планираните приходи во износ од 369.370.000,00 денари, до 31.12.2022 година реализирани се 367.461.000,00 денари, што претставува 99,5% од вкупно планираните приходи за 2022 година.

Во 2022 година во **Буџетот на донации** од вкупно планираните приходи во износ од 6.573.884,00 денари, реализирани се 1.504.249,00 денари, што претставува 22,9% од вкупно планираните приходи. Овие приходи се реализирани по основа на договори за донаторско финансирање на буџетските единки корисници на Општина Центар (училишта и градинки).

Во **Буџетот на кредити** во 2022 година не се реализирани приливи.

**Вкупните расходи** во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2021 година, со кои се финансираат законски утврдените надлежности на Општината, реализирани се во вкупен износ од **928.661.135,00 денари**, што претставува 89,1% реализација од планираното (1.042.423.884,00 денари).

Во **Основниот буџет** на Општината од планираните расходи во износ од 618.680.000,00 денари, во периодот од 1.1.2022 година до 31.12.2022 година, реализирани се 526.896.637,00 денари, што претставува 85,16% од планираните расходи.

| | ОСНОВЕН БУЏЕТ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| | ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | 385.870.000,00 | 336.901.189,00 | 87.31 | 63.94 |
| 401 | Основни плати | 51.300.000,00 | 42.345.526,00 | 82.54 | 8.04 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 19.581.000,00 | 16.271.318,00 | 83.09 | 3.09 |
| 404 | Надоместоци | 7.579.000,00 | 7.121.699,00 | 93.96 | 1.35 |
| 412 | Постојана резерва | 800.000,00 | 245.000,00 | 30.62 | 0.05 |
| 413 | Тековна резерва | 240.000,00 | 72.222,00 | 30.09 | 0.01 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 85.410.000,00 | 72.412.936,00 | 84.78 | 13.74 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 6.900.000,00 | 5.204.788,00 | 75.43 | 0.99 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 32.510.000,00 | 28.806.950,00 | 88.61 | 5.47 |
| 425 | Договорни услуги | 50.870.000,00 | 43.210.041,00 | 84.94 | 8.20 |
| 426 | Други тековни расходи | 10.810.000,00 | 8.128.122,00 | 75.19 | 1.54 |
| 427 | Привремени вработувања | 16.100.000,00 | 15.356.542,00 | 95.38 | 2.91 |
| 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 8.900.000,00 | 8.746.989,00 | 98.28 | 1.66 |
| 461 | Субвенции за јавни претпријатија | 6.000.000,00 | 6.000.000,00 | 100.00 | 1.14 |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 16.970.000,00 | 16.450.000,00 | 96.93 | 3.12 |
| 464 | Разни трансфери | 25.500.000,00 | 20.317.881,00 | 79.67 | 3.86 |
| 471 | Социјални надоместоци | 6.200.000,00 | 6.094.523,00 | 98.29 | 1.16 |
| 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | 40.200.000,00 | 40.116.652,00 | 99.79 | 7.61 |
| | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 232.810.000,00 | 189.995.448,00 | 81.61 | 36.06 |
| 480 | Купување опрема и машини | 6.450.400,00 | 5.549.309,00 | 86.03 | 1.05 |
| 481 | Градежни објекти | 79.700.000,00 | 76.059.910,00 | 95.43 | 14.44 |
| 482 | Други градежни објекти | 114.293.600,00 | 90.866.400,00 | 79.50 | 17.25 |
| 485 | Вложување и нефинансиски средства | 16.966.000,00 | 2.966.000,00 | 17.48 | 0.56 |
| 486 | Купување на возила | 15.400.000,00 | 14.553.829,00 | 94.50 | 2.76 |
| | ВКУПНО РАСХОДИ | 618.680.000,00 | 526.896.637,00 | 85.16 | 100 |

Подредени по потпрограми, реализацијата на расходите е следна:

Во Потпрограмата **А00 – Совет на Општината** планирани се расходи во износ од 57.350.000,00 денари, а реализирани се во износ од 55.849.217,00 денари, што претставува 97,4% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма. Трошоците во оваа Потпрограма се однесуваат на надоместоците за советниците во Советот на Општина Центар-Скопје, телефоните, исплатата на каматата и на главнината за кредитното задолжување во Комерцијална банка за изградба на училиштето "Киро Глигоров" и за подзаемот за реконструкција на "Титоввелешка" и градинката "Пепелашка".

Во Потпрограмата **А10 – Изборни активности и референдуми** планирани се расходи во износ од 500.000,00 денари, а реализирани се во износ од 487.600,00 денари, што претставува 97,5% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма. Трошоците во оваа Потпрограма се однесуваат на трансфери до Општинската изборна комисија за локалните избори 2021 година.

Во Потпрограмата **Д00 – Градоначалник** планирани се расходи во износ од 9.550.000,00 денари, а реализирани се во износ од 7.878.291,00 денари, што претставува 82,5% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма. Во оваа Потпрограма опфатени се расходите за плата и за придонеси на Градоначалникот, телефон, трошоци за испратнина при пензионирање на вработени во основните училишта и во детските градинки, надоместок во случај на смрт на вработени и членови на потесното семејство и плаќања за реализацијата на проектот „Сервис за стари лица".

Во Потпрограмата **Е00 – Општинска администрација** планирани се расходи во износ од 124.690.000,00 денари, а реализирани се во износ од 103.619.801,00 денари, што претставува 83,1% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма. Расходите што се опфатени со оваа Потпрограма се однесуваат на платите и придонесите на вработените во Општината, комуналните услуги (електрична енергија, гориво, парно, вода, ѓубретарина, пошта, телефон, регистрација на моторни возила), на ситен инвентар (средства за одржување хигиена, списанија и други изданија за користење од вработените, канцелариски материјали, ситен инвентар, материјали за поправки), поправки и тековно одржување (поправки и сервисирање на возила, поправки и одржување на компјутерска и друга опрема), договорни услуги (осигурување на недвижен имот и возила, правни услуги, судски такси, преведувачи, консултантски услуги), други тековни расходи (членарини во домашни организации - Здружение на единици на локална самоуправа, Скопски плански регион, учество на вработените на семинари и на конференции, за објавување огласи, обврски по основа за ДДВ), социјални надоместоци (помош за новороденчиња, социјална помош за граѓани), финансиска помош за пензионери.

Во Потпрограмата **ЕА0 – Капитални трошоци на Општината** планирани се расходи во износ од 9.160.000,00 денари, а реализирани се во износ од 8.379.902,00 денари, што претставува 91,5% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма. Расходите што се опфатени со оваа Потпрограма се однесуваат на набавка на ново специјално комунално возило-цистерна; софтверско решение ГИС, набавка на антивирусни сервер клиент решенија; набавка на принтери, мултифункциски уреди и копири.

Во Потпрограмата **ЕАА – Модернизација на ИТ системите во Општина Центар ( развојна програма )** планирани се расходи во износ од 400.000,00 денари, а реализирани се во износ од 326.812,00 денари, што претставува 81,7% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма. Расходите што се опфатени со оваа Потпрограма се однесуваат на набавка на нови персонални и преносни компјутери и монитори.

Во Потпрограмата **Ф10 – Урбанистичко планирање** планирани се расходи во износ од 4.450.000,00 денари, а реализирани се во износ од 2.403.397,00 денари, што претставува 54% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на изработката на деталните урбанистички планови, консултантските услуги ( надоместок за учество во комисија за урбанизам ) и објавувањето огласи.

Во Потпрограмата **Ф20 – Уредување на градежно земјиште** планирани се расходи во износ од 9.250.000,00 денари, а реализирани се во износ од 4.292.186,00 денари, што претставува 46,4% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на уривањето на времени објекти, објавување огласи и ангажирање на консултанти за испитување на квалитетот на воздух, вода и мерење на бучава .

Во Потпрограмата **ФА0 – Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)** планирани се расходи во износ од 23.500.000,00 денари, а реализирани се во износ од 5.600.025,00 денари, што претставува 23,8% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на изработката на основни проекти за реконструкција на инфраструктура, изработка на геодетски елаборати и реконструкција на инфраструктура.

Во Потпрограмата **Г10 – Поддршка на локалниот економски развој** планирани се расходи во износ од 400.000,00 денари, реализирани се во износ од 117.474,00 денари, а се однесуваат на плаќање годишна членарина на Европската асоцијација за локална демократија АЛДА.

Во Потпрограмата **ГД0 – Проекти за енергетска ефикасност** планирани се расходи во износ од 1.600.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од 1.552.981,00 денари, што претставува 97,1% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на финансиска поддршка за поправка и санација на постојни покривни конструкции и лифтови во станбени згради.

Во Потпрограмата **Ј00 – Одржување на урбана опрема** планирани се расходи во износ од 3.000.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од 1.573.270,00 денари, што претставува 52,4% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на трошоци за санација и за одржување на урбана опрема.

Во Потпрограмата **Ј30 – Јавно осветлување** планирани се расходи во износ од 55.000.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од 44.708.080,00 денари, што претставува 81,3% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на трошоци за потрошена енергија за улично осветлување и за негово одржување.

Во Потпрограмата **Ј40 – Јавна чистота** планирани се расходи во износ од 32.600.000,00 денари, реализирани се во износ од 31.491.691,00 денари, што претставува 96,6% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма, а се однесуваат на исплата на плати за времено ангажираните работници задолжени за одржување на јавната чистота, за набавка на алат за работниците и за депонирање на комуналниот отпад.

Во Потпрограмата **Ј60 – Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај** планирани се расходи во износ од 15.100.000,00 денари, а реализирани се во износ од 15.018.564,00 денари, што претставува 99,5% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, кои се искористени за зимско одржување на улиците и за санација на ударни дупки.

Во Потпрограмата **Ј70 – Одржување и користење на паркови и зеленило** планирани се расходи во износ од 2.000.000,00 денари, а реализирани се во износ од 1.887.998,00 денари, што претставува 94,4% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, кои се однесуваат на одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Центар-Скопје.

Во Потпрограмата **Ј80 – Други комунални услуги** планирани се расходи во износ од 500.000,00 денари, реализирани се во износ од 35.465,00 денари, што претставува 7,1%, а се однесуваат на дезинфекција, дезинсекција и дератизација на територијата на Општина Центар-Скопје.

Во Потпрограмата **Ј90 – Одржување на простори за паркирање** планирани се расходи во износ од 6.000.000,00 денари, реализирани се во износ од 6.000.000,00 денари, а се однесуваат на субвенционирање на ЈП Паркинзи на Општина Центар.

Во Потпрограмата **ЈД0 – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици** планирани се расходи во износ од 16.200.000,00 денари, а реализирани се во износ од 14.452.294,00 денари, што претставува 89,2% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а искористени се за изработка на проекти и реконструкција на инфраструктура на територија на Општина Центар- Скопје.

Во Потпрограмата **ЈДБ – Реконструкција на улица "Орце Николов" (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 21.000.000,00 денари, а реализирани се во износ од 20.622.169,00 денари, што претставува 98,2% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на реконструкција на ул. „Орце Николов" и за интегриран систем за паметно паркирање на истата улица.

Во Потпрограмата **ЈДЕ – Реконструкција на улици во локалитет Буњаковец (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 13.500.000,00 денари, а реализирани се во износ од 10.813.477,00 денари, што претставува 80,1% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на реконструкција на улицата "Рајко Жинзифов" и улицата "Петар Поп Арсов".

Во Потпрограмата **ЈДФ – Реконструкција на улици во локалитет Дебар маало (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 21.000.000,00 денари, а реализирани се во износ од 18.939.095,00 денари, што претставува 90,2% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на реконструкција на улиците: "Ристо Шишков" , "Дебарца", "Црвена Вода", "Ј.Х.Цинот" и "Партизанска".

Во Потпрограмата **ЈДХ – Реконструкција во населба Капиштец- улица Народен Фронт (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 3.150.000,00 денари, а реализирани се во износ од 3.122.027,00 денари, што претставува 99,1% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на реконструкција на улицата "Народен Фронт" со краци.

Во Потпрограмата **ЈДИ – Реконструкција во населба Капиштец- улица Козара (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 10.000.000,00 денари, а реализирани се во износ од 6.930.143,00 денари, што претставува 69,3% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на реконструкција на улицата "Козара".

Во Потпрограмата **ЈКА – Набавка на комунални возила (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 9.600.000,00 денари, а реализирани се во износ од 8.771.829,00 денари, што претставува 91,4% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на набавката на три специјални комунални возила- метларки.

Во Потпрограмата **ЈМ0 – Паркови и зеленило (капитални расходи)** планирани се расходи во износ од 5.600.000,00 денари, реализирани се во износ од 5.270.134,00 денари, што претставува 94,1% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма, а се однесуваат на изготвување на проекти за реконструкција и реконструкција на зеленило и замена на исушени дрворедни садници на повеќе локации на територија на Општина Центар- Скопје.

Во Потпрограмата **ЈН0 – Урбана опрема (капитални расходи)** планирани се расходи во износ од 7.300.000,00 денари, реализирани се во износ од 5.476.626,00 денари, што претставува 75% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма, а се однесуваат на изработка и монтажа на клупи, канти за отпадоци, столбчиња, држачи за велосипеди и жардињери.

Во Потпрограмата **К4 – Културни манифестации и творештва** планирани се расходи во износ од 4.050.000,00 денари, реализирани се во износ од 3.958.905,00 денари, што претставува 97,7% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на финансиска поддршка на мешовитата установа од областа на културата "Културно социјален простор Центар- Јадро", за други проекти од областа на културата и за доделување стипендии на талентирани ученици во областа на културното творештво.

Во Потпрограмата **Л0 – Спорт и рекреација** планирани се расходи во износ од 16.210.000,00 денари, а реализирани се во износ од 16.140.199,00 денари, што претставува 99,6% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а искористени се за финансирање на активностите на Кошаркарскиот клуб „Работнички", за финанансирање на други спортски клубови и талентирани спортисти, за организација на спортски игри "Лига Центар" и за доделување спортски стипендии.

Во Потпрограмата **ЛА – Спорт и рекреација (капитални трошоци)** планирани се расходи во износ од 3.500.000,00 денари, а реализирани се во износ од 2.886.873,00 денари, што претставува 82,5% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а искористени за реконструкција на спортски игралишта – ЈДУГ "Кочо Рацин"- клон Панорама, ООУ "Димитар Миладинов", Беверли Хилс- Капиштец.

Во Потпрограмата **Р1 – Заштита на животната средина** планирани се расходи во износ од 7.600.000,00 денари, а реализирани се во износ од 6.244.416,00 денари, што претставува 82,2% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на расчистување на диви депонии, организирање на работилници за Светскиот ден на мобилност субвенционирање на велосипеди и тротинети како и

финансиско учество на Општина Центар во меѓуопштинска соработка со Град Скопје за финансирање на ЈП Лајка.

Во Потпрограмата **Н10 – Основно образование** планирани се расходи во износ од 28.720.000,00 денари, реализирани се во износ од 26.618.011,00 денари, што претставува 92,7% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на плаќање на обврските на училиштата за користење парно греење, електрична енергија, водовод; за средства за хигиена; тековно одржување и обезбедување на објектите на училиштата; примарна здравствена заштита; дијагностички и превентивни (скрининг) прегледи на рбетниот столб и на долните екстремитети кај децата од I одделение; контрола на санитарно-хигиенската состојба во училиштата; трошоци за лични асистенти; награди за наставниците; стипендии за поддршка на млади таленти; поддршка на ученици за учество на меѓународни натпревари.

Во Потпрограмата **НА0 – Образование (капитални расходи)** планирани се расходи во износ од 16.800.000,00 денари, а реализирани се во износ од 15.300.920,00 денари, што претставува 91,1% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма. Овие средства се искористени за изработување на проекти за реконструкција на училишни објекти; за санација на тоалети и кабинет по хемија во ООУ "Св. Кирил и Методиј" ; за градежно занатски и молерофарбарски работи во ООУ "Гоце Делчев" и ООУ "Димитар Миладинов" ; за набавка на информатичка опрема за училиштата (16 персонални компјутери, 1 мултифункциски уред, 16 смарт табли, 16 проектори и 16 HDMI кабли) ; за адаптација на постоечка училница во сензорна соба во ООУ "11 Октомври".

Во Потпрограмата **В10 – Детски градинки** планирани се расходи во износ од 7.200.000,00 денари, реализирани се расходи во износ од 6.968.286,00 денари, што претставува 96,8% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а овие средства се искористени за плаќање на обврските на градинките за централно греење, електрична енергија; за набавка на средства за хигиена; обезбедување на објектот на ЈУДГ "Р.Ј.Корчагин"; финансиска поддршка на детските градинки за ангажирање дополнителен воспитен кадар (воспитувачки и негувателки) и награди за најдобрите воспитувачки и негувателки во градинките во Општина Центар-Скопје.

Во Потпрограмата **ВАБ – Пренамена на објект во детска градинка (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 60.800.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од 60.057.608,00 денари, што претставува 98,8% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма и истите се искористени за за изградба на новата детска градинка во населбата Пролет.

Во Потпрограмата **ВАЦ – Подобрување на енергетската ефикасност во детските градинки (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 3.000.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од 2.969.987,00 денари, и истите се искористени за за реконструкција на фасада и кров на објект "13 Ноември"- клон Јасмин.

Во **Буџетот на самофинансирачки активности** на Општината од планираните расходи во износ од 47.800.000,00 денари, во периодот од 1.1.2022 година до 31.12.2022 година реализирани се 38.542.953,00 денари, што претставува 80,63% од планираните расходи. Расходите на самофинансирачките активности, всушност, се расходи на основните училишта и на детските градинки под надлежност на Општината и се однесуваат на трошоци за комунални услуги (електрична енергија, гориво, парно, вода, ѓубретарина, пошта, телефон), средства за одржување хигиена, канцелариски материјали и наставни помагала, поправки и тековно одржување, договорни услуги, оперативни расходи. Тие се прикажани по основни намени во следната табела:

| БУЏЕТ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ | | План | Реализација | % на реализација | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **44.623.000,00** | **35.628.004,00** | **79.84** | **92.43** |
| 420 | ПАТНИ И ДНЕВНИ РАСХОДИ | 374.000,00 | 45.160,00 | 12.07 | 0.12 |
| 421 | КОМУНАЛНИ УСЛУГИ, ГРЕЕЊЕ, КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ | 7.400.000,00 | 6.696.188,00 | 90.49 | 17.37 |
| 423 | МАТЕРИЈАЛИ И СИТЕН ИНВЕНТАР | 21.410.000,00 | 16.707.395,00 | 78.03 | 43.35 |
| 424 | ПОПРАВКИ И ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ | 8.463.000,00 | 6.804.844,00 | 80.40 | 17.65 |
| 425 | ДОГОВОРНИ УСЛУГИ | 4.398.000,00 | 3.267.375,00 | 74.29 | 8.47 |
| 426 | ДРУГИ ТЕКОВНИ РАСХОДИ | 2.578.000,00 | 2.107.042,00 | 81.73 | 5.47 |
| | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **3.177.000,00** | **2.914.949,00** | **91.75** | **7.57** |
| 480 | КУПУВАЊЕ ОПРЕМА И МАШИНИ | 1.749.000,00 | 1.524.488,00 | 87.16 | 3.95 |
| 483 | КУПУВАЊЕ МЕБЕЛ | 1.368.000,00 | 1.358.961,00 | 99.34 | 3.52 |
| 485 | ВЛОЖУВАЊЕ И НЕФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА | 60.000,00 | 31.500,00 | 52.50 | 0.10 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **47.800.000,00** | **38.542.953,00** | **80.63** | **100.00** |

Во **Буџетот на дотации** на Општината од планираните расходи во износ од 369.370.000,00 денари, во периодот од 1.1.2022 година до 31.12.2022 година реализирани се 361.717.296,00 денари, што претставува 97,9% од планираните расходи. За основното образование од вкупно планираните расходи од дотациите во износ од 236.084.000,00 денари реализирани се 234.780.503,00 денари, што претставува 99,45% од планираните расходи. Средствата се потрошени за плати и придонеси за вработените во основното образование, за комунални услуги, и други обврски на основните училишта на територијата на Општина Центар- Скопје. За детските градинки од вкупно планираните расходи од дотациите во износ од 133.286.000,00 денари реализирани се 126.936.793,00 денари, што претставува 95,2% од планираните расходи. Средствата се потрошени за плати и за придонеси за вработените во детските градинки, за комунални услуги, поправки и тековно одржување, договорни услуги и други обврски на детските градинки на територијата на Општина Центар-Скопје. Тие се прикажани по основни намени во следната табела:

| | БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ | План | Реализирано | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| 401 | Основни плати и надоместоци | 242.350.000,00 | 240.435.084,00 | 99.21 | 66.47 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 94.350.000,00 | 93.529.542,00 | 99.13 | 25.86 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 21.093.000,00 | 17.383.141,00 | 82.41 | 4.80 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 5.078.000,00 | 4.793.302,00 | 94.39 | 1.33 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 3.789.000,00 | 3.121.818,00 | 98.76 | 0.86 |
| 425 | Договорни услуги | 2.204.000,00 | 2.091.087,00 | 82.39 | 0.58 |
| 426 | Други тековни расходи | 506.000,00 | 363.322,00 | 71.80 | 0.10 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **369.370.000,00** | **361.717.296,00** | **97.93** | **100.00** |

Во **Буџетот на донации** реализирани се расходи во износ од 1.504.249,00 денари. Во рамките на овој буџет средствата се користат за реализација на донаторски проекти на Општината и на основните училишта под надлежност на Општината за реализација на проекти под покровителство на европски фондови со намена за унапредување на квалитетот во образованието. Тие се прикажани по основни намени во следната табела:

| | БУЏЕТ НА ДОНАЦИИ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **6.431.884,00** | **1.404.249,00** | **21.83** | **93.35** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 1.466.386,00 | 608.031,00 | 41.46 | 40.42 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 74.040,00 | 0.00 | - | - |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 172.105,00 | 58.884,00 | 34.21 | 3.91 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 71.351,00 | 6.100,00 | 8.55 | 0.41 |
| 425 | Договорни услуги | 1.451.762,00 | 671.535,00 | 46.26 | 44.64 |
| 426 | Други тековни расходи | 3.118.740,00 | 59.699,00 | 1.91 | 3.97 |
| 464 | Разни трансфери | 77.500,00 | 0.00 | - | - |
| | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **142.000,00** | **100.000,00** | **70.42** | **6.65** |
| 480 | Купување опрема и машини | 142.000,00 | 100.000,00 | 70.42 | 6.65 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **6.573.884,00** | **1.504.249,00** | **22.88** | **100.00** |

Во **Буџетот на кредити** за 2022 не се реализирани расходи.

## II. ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ИНВЕСТИЦИОНИТЕ ПРОГРАМИ, КАПИТАЛНИТЕ И БЛОК-ДОТАЦИИТЕ

### 1. Реализација на инвестиционите програми

Во текот на 2022 година, во согласност со донесените програми од Советот, Општина Центар-Скопје реализираше повеќе инвестициони работи.

- По Програма Ф, Потпрограма **ФА – Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)** реализирани се капитални инвестиции во вкупна вредност од **5.600.025,00 денари**, и тоа:

- Изведени се работи за: водоводен приклучок за ул. "Антонио Грубишиќ" и ул. "Отон Жупанчиќ"; поврзување на водоводна мрежа на ул. Станбена улица -3,-2 и пешачка улица 102А; дислокација на постоечки водоводни цевки со комплетна изработка на нова водоводна линија во двор на ООУ "11 Октомври"; изработка на атмосферска и фекална канализација на ул. "Козара" и фекална канализација на ул. "8 март" и надзор над изградбата во вкупна вредност од 4.805.339,00 денари;
- Изработен е основен проект за реконструкција на коловоз, тротоари, водоводна, атмосферска и фекална мрежа за ул. "Блаже Тодоровски" во износ од 708.000,00 денари;
- Изработени се геодетски елаборати во износ од 86.686,00 денари.

- Најзначајните капитални вложувања на Општина Центар во 2022 година по **Програмата за комунални дејности** се наменети за реализација на следниве потпрограми:

Во рамките на Потпрограмата **ЈД – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици** изведени се најголемите капитални инвестиции за 2022 година во вкупна вредност од **74.954.732,00 денари**, и тоа:

- Изведена е реконструкција на улици во вкупна вредност од 70.666.109,00 денари, и тоа за:
    - Реконструкција на ул. " Орце Николов " како дел од Планот на програми за развој во износ од 16.559.621,00 денари;
    - Реконструкција на постоечка улична мрежа за улици "Рајко Жинзифов" и "Петар Поп Арсов" во износ од 10.813.477,00 денари;
    - Реконструкција на постоечка улична мрежа за ул. "Партизанска", "Црвена Вода" и "Дебарца" во вкупен износ од 10.509.753,00 денари;
    - Реконструкција на постоечка улична мрежа за ул. "Ристо Шишков" и "Ј.Х.Цинот" во вкупен износ од 8.290.604,00 денари;
    - Реконструкција на ул. "Козара" во износ од 6.925.300,00 денари;
    - Реконструкција на ул. "Народен Фронт" во износ од 3.122.027,00 денари;

- Реконструкција на тротоари, пешачки и велосипедски патеки и архитектонски бариери во износ од 8.607.686,00 денари;
- Санација и реконструкција на инфраструктурни системи (водоводна, хидрантска, атмосферска и фекална канализација) по локации по потреба во износ од 3.181.379,00 денари;
- Поставување на сообраќајна сигнализација во износ од 307.620,00 денари;

- За интегриран систем за паметно паркирање на ул."Орце Николов" потрошени се 3.656.400,00 денари;
- За сите изведени активности по оваа Потпрограма извршен е надзор во вкупен износ од 630.099,00 денари
- Изготвување хидротехнички услови.

Во рамките на Потпрограмата **ЈК – Капитални расходи за јавна чистота** во текот на 2022 година извршена е исплата за набавени три специјални комунални возила- метларки ( отплатата е на 24 месечни рати- во 2022 година платени се 11 рати) во вредност од **8.771.829,00 денари**.

Во рамките на Потпрограмата **ЈМ – Паркови и зеленило** (капитални расходи) во текот на 2022 година изработени се проекти за партерно и хортикултурно уредување во градски ѕид блок 1 и Зелено пазарче и во Капиштец во вредност од 1.737.432,00 денари; изведена е реконструкција на зеленнило и замена на исушени дрворедни садници на ул. Партизанска, ул. Орце Николов, Сквер Јадран, паркче на ул. Тодор Александров, ул. Владимир Полежановски, ул. Благој Давков, ул. Народен Фронт, ул. К.К.Платник, Сквер Буњаковец, Радњанска 2 во вредност од 3.532.702,00 денари. Во оваа Потпрограма во 2022 година потрошени се вкупно **5.270.134,00 денари**.

Во рамките на Потпрограмата **ЈН – Урбана опрема** (капитални расходи) во текот на 2022 година набавени и монтирани се клупи, канти за отпадоци, држачи за велосипеди, вертикални столбчиња и жардињери во вредност од **5.476.626,00 денари**.

По Потпрограмата **ГД – Други комунални услуги** (капитални расходи) реализирани се активности во вкупна вредност од **1.552.981,00 денари** за финансиска поддршка за поправка и санација на постојни покривни конструкции и за лифтови во станбени згради.

По Потпрограмата **ЛА – Спорт и рекреација** (капитални расходи) реализирани се активности во вкупна вредност од **2.886.873,00 денари** за реконструкција на детски игралишта на територија на Општина Центар- Скопје како и надзор над изградбата.

По Потпрограмата ЕА – **Капитални трошоци на Општината** реализирани се капитални инвестиции во вкупна вредност од **8.706.714,00 денари**, а се однесуваат на: набавка на нова ИТ опрема; набавка на ново специјално комунално возило- цистерна ; превентивно и адаптивно одржување на ГИС софтвер и внесување на ДУП во дата база и набавка на антивирусни сервер клиент решенија.

- Во 2022 година капитални инвестиции во износ од **15.300.920,00 денари**, Општина Центар-скопје ги реализираше во **основните училишта**, и тоа:
  - 6.442.291,00 денари за санација на тоалети и кабинет по хемија во ООУ "Св. Кирил и Методиј";
  - 2.014.533,00 денари за санација на дел од покрив во ОУ "Ј.Х.Песталоци";
  - 1.471.562,00 денари за молерофарбарски работи во ОУ "Димитар Миладинов" и ОУ "Гоце Делчев";
  - 1.385.623,00 денари за градежно занатски работи во ОУ "Димитар Миладинов" и ОУ "Гоце Делчев";
  - 1.934.195,00 денари за набавка на 16 персонални компјутери, 1 мултифункциски уред, 16 смарт табли, 16 проектори и 16 HDMI кабли за основните училишта на територија на Општина Центар-Скопје;
  - 1.026.954,00 денари за адаптација на постоечка училница во сензорна соба во ОУ "11 Октомври";
  - 756.616,00 денари за подготвување проекти за реконструкција и санација на училишни објекти ;
  - 44.058,00 денари за санација на двор во ОУ "Кочо Рацин";
  - 225.088,00 денари за извршен стручен надзор над изведените работи по оваа потпрограма.

- Во **детските градинки** во 2022 година изведени се капитални инвестиции во вкупна вредност од **63.027.595,00 денари**, од кои: 60.057.608,00 денари за изградба на новата детска градинка во населбата Пролет, а 2.969.987,00 денари за реконструкција на фасада и кров на ЈУДГ "13 ноември"- објект Јасмин.

## 2. Реализација на блок-дотациите

**Блок-дотациите** од Буџетот на Република Северна Македонија со кои Општина Центар-Скопје ги финансира своите надлежности во социјалната и во детската заштита и во образованието за 2022 година изнесуваа вкупно **367.456.000,00 денари**, од кои 235.099.000,00 денари беа наменети за финансирање на надлежноста основно образование и 132.357.000,00 денари за финансирање на надлежноста детска заштита.

- Блок-дотацијата наменета за **основно образование** беше распределена по видови расходи, и тоа: **224.092.884,00 денари** за плати и надоместоци за вработените и **10.687.619,00 денари** за тековно-оперативни трошоци.
  Реализацијата на блок-дотацијата за тековно-оперативните расходи по училиштата се одвиваше на следниов начин:

- За тековно одржување на ООУ „Коле Неделковски" реализирани се трошоци во износ од 1.359.000,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „Ј.Х. Песталоци" реализирани се трошоци во износ од 1.626.344,00 денари

- За тековно одржување на ООУ „Кочо Рацин" реализирани се трошоци во износ од 1.301.190,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „Гоце Делчев" реализирани се трошоци во износ од 902.550,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „11 Октомври" реализирани се трошоци во износ од 1.365.250,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „Димитар Миладинов" реализирани се трошоци во износ од 1.515.016,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „Кирил и Методиј" реализирани се трошоци во износ од 1.036.269,00 денари
- За тековно одржување на ООУ „Киро Глигоров" реализирани се трошоци во износ од 1.582.000,00 денари

➢ Блок-дотацијата наменета за **детските градинки** беше распределена по видови расходи, и тоа: **109.871.742,00 денари** за плати и надоместоци за вработените и **17.065.051,00 денари** за тековно-оперативни трошоци.
Реализацијата на блок-дотацијата за тековно-оперативните расходи по градинките се одвиваше на следниов начин:

- За тековно одржување на ЈУДГ „Р.Ј.Корчагин" реализирани се трошоци во износ од 3.516.213,00 денари
- За тековно одржување на ЈУДГ „Кочо Рацин" реализирани се трошоци во износ од 6.747.203,00 денари
- За тековно одржување на ЈУДГ „13 Ноември" реализирани се трошоци во износ од 6.801.635,00 денари.

## III. ИЗВЕШТАЈ ЗА СРЕДСТВАТА, ПОБАРУВАЊАТА, ОБВРСКИТЕ И ИЗВОРИТЕ НА СРЕДСТВАТА И НИВНАТА ВРЕДНОСТ

### ПОБАРУВАЊА

Во 2022 година во сметководствената евиденција на Општина Центар-Скопје се прокнижени и потврдени побарувања врз повеќе основи, и тоа: побарувања врз основа на надоместок за уредување на градежно земјиште од правни и од физички лица, побарувања од закупнини, побарувања по основа на присилно административно извршување - уривање на дивоградби и отстранување на урбана опрема, побарувања од данок на имот на физички и на правни лица, побарување за комунална такса за фирма, побарување по основа на комунална такса за паркирање и други што имаат учество во приходите што ги остварува Општина Центар-Скопје.

Состојба на средствата и изворите на средствата на 31.12.2022 година е следна:

| | | Редовни | Спорни и сомнителни побарувања |
|---|---|---|---|
| 1. | Побарувања по основа на надоместок за уредување на градежно земјиште | 13.826.533,00 | 4.225.645,00 |
| 2. | Побарувања по основа на даден деловен простор под закуп | 96.612,00 | 121.093,00 |
| 3. | Побарувања по основа на присилно административно извршување - уривање дивоградби и отстранување на урбана опрема | 6.218.682,00 | 15.076.003,00 |
| 4. | Побарувања по основа на данок на имот за физички лица | 72.779.804,00 | - |
| 5. | Побарувања по основа на данок на имот за правни лица | 65.046.038,00 | - |
| 6. | Побарувања по основа на комунална такса за истакнување на фирма, односно деловна просторија | 47.263.000,00 | - |
| 7. | Побарувања по основа на комунална такса за паркирање | 25.339.647,00 | - |
| Вкупни побарувања | | 230.570.316,00 | 19.422.741,00 |
| ВКУПНО ПОБАРУВАЊА | | 249.993.057,00 | |

- **Побарувања по основа на надоместок за уредување на градежно земјиште**

Побарувањата во износ од 13.826.533,00 денари се побарувања од правни и од физички лица со кои Општина Центар-Скопје има склучено договори за плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште на рати. Износот од 4.225.645,00 денари се спорни и сомнителни побарувања од претходни години.

- **Побарувања по основа на даден деловен простор под закуп**

Општина Центар-Скопје им издава деловен простор под закуп на правни лица што изразиле интерес за најмување простор ( поставување на урбана опрема- рекламни паноа на јавни површини ) во согласност со нивните деловни потреби. За таа намена Општината има склучено договори за закуп на деловен простор за кои Секторот за финансиски прашања доставува фактури до закупците на месечна основа. Во сметководствената евиденција заклучно со 31.12.2022 година евидентирани се редовни побарувања од закуп на деловен простор во износ од 96.612,00 денари и 121.093,00 денари од спорни и сомнителни побарувања.

- **Побарувања по основа на присилно административно извршување - уривање на дивоградби и отстранување на урбана опрема**

Побарувањата по основа на присилно административно извршување - уривање на дивоградби и отстранување на урбана опрема заклучно со 31.12.2022 година изнесуваат 6.218.682,00 денари и 15.076.003,00 денари од спорни и сомнителни побарувања. Спорните и сомнителни побарувањата по оваа основа се пренесени од претходните години и за поголем дел од нив се води судска постапка за наплата.

- **Побарувања по основа на данок на имот од физички и од правни лица и комунална такса за фирма**

Побарувањата по основа на данок на имот од физички и од правни лица и комунална такса за фирма се делат меѓу Општината и Градот Скопје и нив ги администрира Градот Скопје. Според добиениот преглед за заеднички побарувања од Градот Скопје, побарувањата по основа на данок на имот од физички лица изнесуваат 72.779.804,00 денари, побарувањата за данок на имот од правни лица изнесуваат 65.046.038,00 денари и побарувањата по основа на комунална такса за фирма изнесуваат 47.263.000,00 денари.

- **Побарувања по основа на комунална такса за паркирање**

Општина Центар-Скопје и Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНЗИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР" Скопје склучија Договор за регулирање на начинот на исплата на вкупниот долгуван износ по основа на неплатена комунална такса за користење на просторот за паркирање на патнички моторни возила на територијата на Општина Центар. Побарувањата по основа на комунална такса за паркирање изнесуваат 25.339.647,00 денари.

**ОБВРСКИ**

На 31.12.2022 година во сметководството на Општина Центар-Скопје евидентирани се неплатени обврски по фактури и времени ситуации на разни доверители за извршени тековни и инвестициони активности. Вкупниот износ на неплатените обврски изнесуваат 199.213.951,00 денари.

| | Обврски | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Обврски спрема набавувачи | 11.168.467,00 |
| 2. | Обврски по основа на неисплатена плата за декември 2022 година на редовно вработени лица | 5.035.702,00 |
| 3. | Обврски по основа на главнина од кредит | 183.009.782,00 |
| **Вкупно обврски** | | **199.213.951,00 ден.** |

- **Обврски спрема набавувачите**

Тука спаѓаат сите тековни и капитални обврски. Тековно-оперативните обврски се настанати од редовното работење на Општината. Тие ги сочинуваат обврските по основа на неплатени фактури за комунални услуги, како електрична енергија и јавно осветлување, телефонија, канцелариски материјал, членарини и сл. Капиталните обврски се обврски кон набавувачите за започнати или за завршени капитални инвестиции.

- **Обврски по основа на неисплатена плата**

Бруто-платата на редовно вработените во Општината за декември 2022 година во износ од 5.035.702,00 денари.

- **Обврски по основа на главнина од кредит**

Долгорочните обврски по основа на заем, кредит на Општина Центар со состојба на 31.12.2022 година евидентирани се на вкупен износ од 183.009.782,00 денари, и тоа кон: Комерцијална банка во износ од 150.720.679,00 денари кредит за изградба на ООУ „Киро Глигоров" и обврски по долгорочен заем одобрен од Светска банка, подзаем од Министерството за финансии за проектот „Реконструкција на водоводот на ул. 'Титовелешка' и реконструкција на детската градинка "Пепелашка" на износ од 32.289.103,00 денари.

## IV. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД БУЏЕТСКИТЕ РЕЗЕРВИ ЗА 2022 ГОДИНА

Во согласност со одредбите од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2022 година, средствата утврдени за постојана (непредвидливи расходи) и тековна резерва се користат со Одлука на Советот, а по исклучок за користење на средствата од тековната резерва, одлучува Градоначалникот. Во 2022 година реализираните средства од резервите се во вкупен износ од 317.222,00 денари.

| Р.Бр | Име и презиме и број на Одлука | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Во согласност со Одлуката донесена од Советот на Општина Центар-Скопје бр. 08-5287/16 од 27.10.2022 година одобрени ѝ се парични средства на Мимоза Крамарска Алексовска заради штета настаната од природна непогода. | 35.000,00 |
| 2. | Во согласност со Одлуката донесена од Советот на Општина Центар-Скопје бр. 08-5287/16 од 27.10.2022 година одобрени му се парични средства на Ерџан Гани заради штета настаната од природна непогода. | 40.000,00 |
| 3. | Во согласност со Одлуката донесена од Советот на Општина Центар-Скопје бр. 08-5287/16 од 27.10.2022 година одобрени ѝ се парични средства на Снежана Георгиева Јаневска заради штета настаната од природна непогода. | 30.000,00 |
| 4. | Во согласност со Одлуката донесена од Советот на Општина Центар-Скопје бр. 08-5287/16 од 27.10.2022 година одобрени му се парични средства на Жарко Николовски заради штета настаната од природна непогода. | 50.000,00 |
| 5. | Во согласност со Одлуката донесена од Советот на Општина Центар-Скопје бр. 08-5287/16 од 27.10.2022 година одобрени им се парични средства на Светлана Стајиќ и Елизабета Стајиќ заради штета настаната од природна непогода. | 40.000,00 |
| 6. | Во согласност со Одлуката донесена од Советот на Општина Центар-Скопје бр. 08-5287/16 од 27.10.2022 година одобрени ѝ се парични средства на Јелена Димитровска заради штета настаната од природна непогода. | 50.000,00 |
| 7. | Во согласност со Решението на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје бр. бр.09-230/2 од 04.03.2022 година одобрени ѝ се парични средства на Снежана Серафимовска поради лекување (вклучително и персонален данок на доход). | 11.111,00 |
| 8. | Во согласност со Решението на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје бр. бр.09-1177/2 од 04.03.2022 година одобрени ѝ се парични средства на Весна Недановска поради лекување (вклучително и персонален данок на доход). | 11.111,00 |
| 9. | Во согласност со Решението на Градоначалникот на Општина Центар-Скопје бр. бр.09-4558/2 од 27.10.2022 година одобрени ѝ се парични средства на Магдалена Неделковска поради лекување (вклучително и персонален данок на доход). | 50.000,00 |
| | **Вкупно исплатени средства** | **317.222,00** |

## V. СОСТОЈБА НА ЖИРО-СМЕТКИ ЗАКЛУЧНО СО 31.12.2022 ГОДИНА

| Р.Бр. | Сметка | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Состојба на сметка на Буџет на Општина Центар-Скопје | 133.453.232,00 ден. |
| 2. | Состојба на донаторската сметка за проектот „Општина по мерка на граѓаните" | 238.149,00 ден. |
| 3. | Состојба на донаторската сметка за енергетска ефикасност за ООУ „Димитар Миладинов"-Скопје | 1.098.589,00 ден. |
| 4. | Состојба на донаторската сметка за набавка на опрема за одржување на патишта и зеленило | 50.000,00 ден. |
| 5. | Состојба на сметката за трансфери до ОИК | 0 ден. |
| 6. | Состојба на сметката за проектот „Општинско-корисна работа" | 72.000,00 ден. |
| 7. | Состојба на сметката за трансфери од Агенцијата за државни патишта | 0 ден. |
| 8. | Состојба на сметката за блок-дотации | 7.659.461,00 ден. |
| **ВКУПНО** | | **142.571.431,00 ден.** |

## VI. ИЗВЕШТАЈ ОД ОДГОВОРЕН СМЕТКОВОДИТЕЛ

Сметководствената евиденција во Општина Центар-Скопје се води во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и прифатените сметководствени политики и сметководствени стандарди. Во сметководството се обезбедуваат податоци поединечно по сите видови приходи и други видови приливи, за расходите и за другите одливи.

Податоците во годишната (завршна сметка ) на Општина Центар-Скопје за сите сметки го искажуваат реалното трошење на средствата по програми, потпрограми и намени, како и остварувањето на сите приходи по сметки, потсметки и по видови приходи.

Во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола воспоставени се пишани процедури за движење на документите, нивна контрола и евидентирање во сметководството на Општина Центар-Скопје.